Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 250/0306
05.06 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Надица Мицкоска, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Прилогот на Телевизија Телма, насловен „Наставничка оставила третооделенци сами без надзор?", не ги прекршил професионалните и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 8 мај 2019 година, Надица Мицкоска поднесе жалба за прилогот со наслов „Наставничка оставила третоодделенци сами без надзор?“, објавен на 5 мај 2019 година, на Телевизија „Телма“ (www.telma.mk).

Мицкоска, која е предмет на критика во прилогот, во жалбата наведува дека наводите во текстот се целосно невистинити, едностранi и необјективни и дека со таквите информации биле повредени нејзината чест и углед. Мицкоска, меѓу другото, наведува дека медиумот бил должен, но не побарал таа да се произјасни за наводите во прилогот и дека таа испратила демант до ТВ Телма.

*„Во однос на наводите содржани во предметниот допис, како што веќе наведов во демантот, најостро ги отрфлам иститe како неточни и тенденциозни, наменети со единствена цел да се омаловажи и компромитира мојата личност и работата која ја извршувам.За деновите во кои наводно сум ги оставила ученицитеназгрижени и без надзор, сакам да истакнам дека истото не е точно од причини што моите ученици ги имаше преземено мојата колешка, а за истото беше известена и педагошката служба“*, се посочува во поднесената претставка.

Мицкоска, меѓу другото, наведува дека медиумот бил должен, но не побарал таа да се произјасни за наводите во прилогот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт Телевизија „Телма“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Авторот на прилогот, новинарот Сотир Трајков, одговори на наводите на жалителката.

Трајков ги отфрла како неосновани квалификациите дека прилогот бил тенденциозен. Тој појаснува дека пренел став на група загрижени родители и дека се обидел, но не успеал, да стапи во контакт со директорката на училиштето за да побара став од наставничката. Трајков вели дека кога ја побарале во училиштето директорката не била на работното место.

„Согледувајќи сам дека случајот не е комплетен, ставив интерпункциски знак прашалник во насловот, со што остана отворено прашањето дали наставничката навистина на два пати ги оставила учениците сами во дворот и отишла да си го види бебето, како што тврдеа родителите во писмениот допис до ТВ Телма“, се посочува во одговорот на жалбата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Новинарот Трајков, меѓу другото, вели дека до денот на пристигнувањето на известувањето од Советот за етика во медиумите, до него и ТВ Телма не стигнал демант од наставничката Мицкоска, како што таа тврди во поднесената претставка.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, се согласија дека прилогот произлегува од јавниот интерес, дека институцијата училиште е легитимна новинарска цел и мора да подлежи на јавен надзор. Текстот на ТВ Телма е професионален, етички и употребени се неколку извори (допис на група родители и информации одДржавниот просветен инспекторат и Општина Центар), а со тоа согледани се повеќе значајни аспекти за темата. Сепак, новинарот не успеал да обезбеди целосно објективна информација и докрај да ја лоцира одговорноста, со оглед на тоа дека побарал, но не успеал да обезбеди став и од наставничката, која е предмет на критика и обвинување од страна на група родители. И покрај тоа, Комисијата го зеде предвид и позитивно го оцени обидот да се обезбеди „втора страна“, што и самиот новинар го потенцира во својот прилог:

***„За случајот побаравме, но не добивме одговор од директорката на училиштето. За проблемите на учениците од 3-Б одделение со наставничката Надица Мицкоска, одговор побаравме од директорката на училиштето „ Димитар Миладинов“, Маја Ангелова. Но, обезбедувањето ни рече дека таа не е во училиштето, дека е на состанок надвор од зградата и дека нема да се врати во скоро време“***, посочува репортерот во прилогот на „Телма“.

И покрај тоа што прилогот во најголем дел е професионален и етички, Комисијата најде забелешка во користењето на интерпункцискиот знак во насловот (прашалник), но немаше доволно елементи да констатира прекршување на новинарските стандарди. Членовите на Комисијата оценија дека насловот во прашална форма повеќе има призвук на осуда и констатација, отколку на нешто што е непознато и допрва треба да добие епилог.

Во однос на тврдењето на подносителката на жалбата дека до Телевизија „Телма“ испратила демант, Комисијата не успеа да утврди дали тоа навистина се случило. И покрај нашето инсистирање во два наврата да добиеме официјален доказ дека наставничката Мицкоска упатила демант, таа не одговори на барањата. И од ТВ Телма во одговорот посочија дека до нив не бил стигнато барање за објавување демант.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Телма“ (www.telma.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595